# ПОКАНА

Почитувани,

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме на работилница под наслов:

**„ *<u>УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРАВЈЕТО НА ЧАПУНКИ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕПРОДУКЦИЈА НА МЛЕЧНИТЕ КРАВИ</u>* “**

Организирана од страна на Факултетот за ветеринарна медицина- Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, и Клиниката за преживари и свињи, од Факултет за ветеринарна медицина во Лајпциг, Германија.

Работилницата ќе се одржи од 27 - 28 март 2026 година во хотел „Молика“ Битола и на фармата ЗК Пелагонија, с. Новаци - Битола. Главен предавач и експертски водач на работилницата е проф. д-р Александар Старке, дип. ECHВНМ, заедно со еминенти професори од ветеринарните факултети од Скопје, Сараево, Загреб, Љубљана, и Белград, и учество на професионални коректори на чапунки и фармери од Германија.

Работилницата вклучува теоретски предавања од областа на здравјето на чапунките кај млечните крави, како и практична работа во мали групи. Преку комбинација од теорија, практични демонстрации и вежби, оваа работилница нуди стекнување на основни вештини во областите на:

- Дијагностика на кривење кај млечните крави
- Рутински и специфични корекции на чапунките
- Дијагностика на болести на чапунките
- Анестезија и аналгезија
- Хирургија на чапунки
- Ракување со животни и ракување со опрема за корекција на чапунките

Котизацијата за работилницата изнесува 150 евра во денарска против вредност. Котизацијата вклучува учество во теоретскиот и практичниот дел, два ручека и свечана вечера на 27.3.2026 година (петок).

**ВАЖНО : Бројот на учесници е ограничен.**

**Работилницата е акредитирана со 14 бода.**

**АПЛИЦИРАЊЕ**

**Крајниот рок за аплицирање е 23.03.2026 год.**

**Е-пошта за аплицирање:**

**bitolaworkshop2026@gmail.com**

Информации што мора да се наведат:
Име и презиме, компанија, занимање, контакт, е-пошта, телефонски број и <u>потврда за платена котизација</u>

**СМЕСТУВАЊЕ**
**Ги препорачуваме следниве опции за сместување:**

**Хотел Молика** (www.hotelmolika.com.mk)

**Хотел Шумски фенери** www.sumskifeneri.com

**Хотел Шатор** www.hotelsator.com.mk

**ПЛАЌАЊЕ**

**Уплатата на котизацијата може да се изврши на следната жиро сметка:**

**ЖИРО С-КА 100000000063095**

**Народна банка на Република Северна Македонија,**

**ПРИХОДНА ШИФРА 1600104561 788 15**

**ПРОГРАМА 725939 41**